## Информации за визи

Откако студентите ќе добијат официјална потврда дека се примени на магистерски студии од Еразмус Мундус програмата, **тие мора да добијат виза за престој и студирање во Европа**. За информации кои се однесуваат на условите за добивање на виза, се препорачува студентите да се обратат до делегациите на Европската Комисија во земјите партнери на ЕУ како и до конзулатите и амбасадите на земјите членки во ЕУ за дадената земја, штом ќе добијат официјална потврда дека се примени на студиите.
Програмата Еразмус Мундус за магистерски студии на студентите им нуди помош и придружна документација, со што честопати се олеснува процесот. Сепак, студентите се охрабруваат да побараат виза колку што е можно поскоро.

*Забелешка: Договорите за олеснување на визниот режим помеѓу ЕУ и Албанија, Босна и Херцеговина, поранешна југословенска Република Македонија, Црна Гора и Србија стапија на сила на 1 јануари 2008. Тоа треба да го олесни издавањето на краткорочни визи за студентите од овие земји со намалени давачки за издавање виза од 35 евра за секоја апликација*

## Други можности за стипендии

Земјите членки на ЕУ и другите европски земји имаат билатерални програми за стипендирање на студенти од земјите на Западен Балкан. За повеќе информации можете да се обратите директно во земјите за кои сте заинтересирани.



## Каде може да студирате?

Може да студирате во било која од земјите во Европската Унија, Хрватска, Турција, Исланд, Лихтенштајн или Норвешка, во зависност од избраното партнерство.

Партнерството мора да биде помеѓу 5 европски универзитети, секој од нив приклучен кон повелбата Еразмус, и тоа најмалку од 3 земји на Европската Унија плус еден или повеќе универзитети од најмалку 3 различни земји од регионот на Западен Балкан.

## Краен рок за доставување на пријави

Студенти, истражувачи и академски наставен кадар може да се пријавуваат директно до избраното партнерство за индивидуални грантови за студирање во странство од мај 2008 година и во иднина. Информации за избраните партнерства може да се добијат на:

**http://eacea.ec.europa.eu/extcoop/call/index.htm**

### ПРОГРАМА ЕРАЗМУС МУНДУС ЗА НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

| Кој може да се пријави? | Времетраење на престојот (редовно студирање) | Вид на студии во странство | Вид на стипендија која е на располагање? |
|---|---|---|---|
| | | | Стипендијата опфаќа: |
| Студенти и универзитетски наставен кадар кои се **регистрирани на еден од универзитетите, кои се членки на избраното партнерство**<br>Кои што се:<br>Државјани на Албанија, Босна и Херцеговина, поранешна југословенска Република Македонија, Црна Гора и Србија како и Косово | 6-10 месеци ><br>6-22 месеци ><br>6-34 месеци ><br>6-10 месеци ><br>1-3 месеци > | Додипломски<br>Магистерски<br>Докторски<br>После-докторско истражување<br>Универзитетски наставен кадар | ▪ Патни трошоци (од 250 евра до 2500 евра во зависност од одалеченоста);<br>▪ Трошоци за осигурување (75 евра во месецот за здравствено, патнично осигурување и осигурување од незгода);<br>▪ Школарина (не се плаќа школарина на универзитетот домаќин доколку престојот во странство е пократок од 10 месеци, во други случаи, максимум 3000 евра за една академска година)<br>▪ Месечни трошоци за живот (од 1000 евра до 1800 евра во зависност од статусот: додипломски, магистерски, докторски или пост-докторски судии и 2500 евра за наставен кадар) |
| | | | Стипендијата опфаќа: |
| Државјани на Албанија, Босна и Херцеговина, поранешна југословенска Република Македонија, Црна Гора и Србија како и Косово<br>**регистрирани во високо-образовни институции од овие земји, а кои не се вклучени во партнерството или имаат добиено универзитетска диплома или еднаков** образовен степен од некоја институција во овие земји | 6-22 месеци ><br>6-34 месеци ><br>6-10 месеци > | Магистерски<br>Докторски<br>Последокторски | ▪ Патни трошоци (од 250 евра до 2500 евра во зависност од одалеченоста);<br>▪ Осигурување (75 евра месечно)<br>▪ Школарина (максимум 3000 евра за една академска година, 5000 евра за специјалистички после-докторски студии)<br>▪ Месечни трошоци за живот (од 1000 евра до 1800 евра во зависност од статусот: магистерски, докторски или после-докторски студии) |

*Овај план важи за сите академски дисциплини, иако приортет може да се даде на студиите по земјоделство, архитектура и регионално планирање, бизнис, инжењерство и технологија, јазици и филологија, право, математика и информатика, медицина, природни науки и општествени науки.*



# Студирање во Европа

Стипендии на ЕУ за студентите од Западен Балкан



European Commission

Стотици стипендии станаа достапни за студентите од земјите на Западен Балкан за академската година 2008/2009 и во иднина.

Програмата **ЕРАЗМУС МУНДУС** на 150 студенти од земјите на Западен Балкан им нуди поддршка за <u>последипломски студии</u> (магистерски студии) на универзитетите во земјите на ЕУ.

*Магистерските студии од програмата Еразмус Мундус* се висококвалитетни студиски програми на магистерско ниво за речиси сите академски дисциплини.

Уште повеќе, **Програмата ЕРАЗМУС МУНДУС ПРОЗОРЕЦ ЗА НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА** нуди финансиска поддршка за студенти, истражувачи и универзитетски наставен кадар во форма на околу 600 <u>грантови за студирање во странство.</u>

### Каде може да студирате?

Во магистерската програма Еразмус Мундус учествува конзорциум од високообразовни институции од земјите членки на ЕУ, Исланд, Лихтенштајн, Норвешка и земјите кандидати (Хрватска, Турција, поранешна југословенска Република Македонија). Студентите мора да поминат период на студирање во најмалку две од земјите што се претставени од овој конзорциум.



## ПРОГРАМА ЕРАЗМУС МУНДУС

| Вид на стипендија | Кој може да се пријави? | Времетраење на престојот (редовно студирање) | Износ на стипендијата |
|---|---|---|---|
| На последипломско ниво | Поединци кои се високостручен кадар и<br>▪ имаат добиено универзитетска диплома за додипломски студии од високообразовна институција<br>▪ кои се примени на магистерски студии во рамките на програмата Еразмус Мундус<br><br>државјани на<br>▪ Албанија,<br>▪ Босна и Херцеговина,<br>▪ Хрватска,<br>▪ поранешна југословенска Република Македонија,<br>▪ Црна Гора,<br>▪ Србија, како и Косово според Резолуцијата 1244/99 на Советот за безбедност на Обединетите Нации<br>▪ Турција (од академската година 2009/2010) | Минимум 1 година<br><br>Максимум 2 години<br><br>> 1 и < 2 години | 21000 евра<br><br>42000 евра<br><br>% помеѓу 21 000 и 42 000 евра<br><br>Со стипендијата се опфатени патните трошоци, животните трошоци и школарината како и здравствено осигурување и осигурување од незгода |
| За наставен и истражувачки ангажман | Универзитетски наставен кадар или професионалци кои се државјани на<br>▪ Албанија<br>▪ Босна и Херцеговина<br>▪ Црна Гора<br>▪ Србија, како и Косово | 3 месеци | Максимум 13000 евра |
| | | | |

### Како да се пријавите за стипендија?

Студентите мора **директно да се пријават** до конзорциумот за магистерски студии од програмата Еразмус Мундус по нивен избор. (Проверете ја листата на достапни Еразмус Мундус магистерски студии на веб страницата Europa)

Иако студентите може да се пријавуваат за било кои магистерски студии од програмата Еразмус Мундус, бројот на апликации што може да го испратат мора да биде ограничен на максимум три магистерски студии од програмата Еразмус Мундус.

Конзорциумот ги информира заинтересираните студенти за посебните услови за запишување (на пр. резултати од студирањето, познавање на јазици итн.) и за крајните рокови за пријавување.

За сите студии има посебни услови за пријавување и запишување, како и формулари за пријавување и крајни рокови.

**Конзорциумот кој ги нуди студиите одлучува кои студенти ќе бидат примени и на кои студенти ќе им се додели стипендија** врз основа на заслугите и со употреба на транспарентни механизми за избор.

### Краен рок за доставување на пријави

Студентите и научните работници мора да ги доставаат своите пријави **до крајниот рок кој го утврдува конзорциумот за магистерските студии од програмата Еразмус Мундус, вообичаено декември или јануари секоја година.**

**За повеќе детали за програмата, посетете ја веб страницата за Еразмус Мундус:**
http://ec.europa.eu/education/programmes/mundus/index_en.html